8, 4.3. бр
2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

# СЛУЖБ[...]
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата

Среда, 26 февруари 1969
Скопје
Број 8 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

**39.**

Врз основа на член 11 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 4/69), донесувам

### РЕШЕНИЕ
### ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се распишуваат избори за пратеници на сите собори на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

2. Изборите за пратеници на Републичкиот собор ќе се одржат на 13 април 1969 година.

3. Изборите за пратеници на Стопанскиот собор, Просветно-културниот собор, Социјално-здравствениот собор и Соборот на општините ќе се одржат на 23 април 1969 година.

4. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а пропишаните сроkови ќе течат од 1 март 1969 година.

Бр. 634
24 февруари 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**40.**

Врз основа на член 38 од Законот за мерките за безбедност на сообраќајот на јавните патишта („Службен весник на СРМ“ бр. 42/65), Извршниот совет донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ

I. Се разрешуваат, претседателот и членовите на Советот за безбедност на сообраќајот на јавните патишта, именувани со решение на Извршниот совет бр. 09-939/1 од 15. V. 1962 година.

II. Во Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот, со мандат од четири години, се именуваат:

а) за претседател:

— Мито Теменугов, функционер во Собранието на СРМ.

б) за секретар:

— Димитар Мугревски, работник во РСВР на СРМ.

в) за членови:

— Феми Муча, потсекретар во РСВР на СРМ;

— Владо Камењарски, доцент на Архитектонско-градежниот факултет во Скопје;

— Мате Матевски, раководител на инспекторатот за безбедност на сообраќајот во РСВР на СРМ;

— Љубомир Тодоровски, градежен инженер во Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија;

— Борис Алексовски, претседател на Советот на возачи и автомеханичари на СРМ;

— Томе Николовски, претседател на Одборот на синдикатите за сообраќај и врски при Републичкиот совет на ССЈ за Македонија;

— д-р Јован Пановски, управник на Градската болница во Скопје;

— Војо Китановски, пом. директор на НИП „Нова Македонија“ Скопје;

— Милан Арсовски, сообраќаен инженер во Управата за урбанизам на Градското собрание на град Скопје;

— Зафир Аговски, просветен советник во Републичкиот завод за унапредување на школството;

— Никола Василевски, помошник на републичкиот секретар за образование, наука и култура;

— Миро Тодоровски, судија во Републичкиот совет за прекршоци;

— Спасо Тодоровиќ, полковник во ЈНА, ВП 5573/20 Скопје;

— Коце Јаневски, директор на Републичкиот фонд за патишта;

— Живко Масларевски, инспектор за сообраќај во Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија;

— Вања Тошевски, директор на Телевизија — Скопје;

— Љубе Зафировски, секретар на Секретаријатот за градежи и станбени прашања на Стопанската комора на СР Македонија;

— Милан Малетиќ, работник во Авто-мото сојуз на Македонија;

— Елена Тасева, член на Републичкиот совет за грижи и воспитување на деца и младинци;

— Павле Стојменов, асистент на Архитектонско-градежниот факултет во Скопје;

— Киро Миовски, член на групата за стандард и материјални прашања на младите во ЦК СММ;

— Спасе Стојковски, сообраќаен инженер во ГАСП — Скопје;

— Спасе Макариевски, асистент во Институтот за социолошко-политичко правни истражувања;

— Михајло Велјановски, началник на внатрешната контрола на ЖТП Скопје;

— Боро Ристиќ, сообраќаен инженер во Автотранспортното претпријатие „Пролетер“ во Скопје.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 15-129/1
5 февруари 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**д-р Ксенте Богоев**, с. р.

41.

Врз основа на член 74 од Законот за јавните патишта („Службен весник на СРМ" бр. 35/67), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА НА ЧЛЕНОВИ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ПАТИШТА

I. Се утврдува дека им престанува функцијата поради истекот на мандатот на следните членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за патишта:

— Урош Андреевски, политички работник во Републичката конференција на ССРНМ;

— Тошо Смилевски, политички работник во Републичкиот совет на ССЈ за Македонија;

— Илија Сипковски, претседател на Наставнотехничката комисија по сообраќај на Автомото сојуз на СРМ;

— Иван Гештаков, директор на Прехранбеното претпријатие „Вардар" во Скопје;

— Љупчо Кафеџиски, директор на Автотранспортното претпријатие во Берово;

— Стојан Магдовски, директор на Автотранспортното претпријатие во Кичево;

— Никола Наумовски, финансов директор на Претпријатието за меѓународна шпедиција „Транскоп" во Битола;

— Јордан Стоилков, директор на погон во Претпријатието за јавни патишта „Македонија-пат" во Титов Велес;

— Атанас Стефановски, директор на погон во Претпријатието за јавни патишта „Македонија-пат" во Штип.

II. За членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за патишта, со мандат од две години, се именуваат:

1) Претставници на Републиката:

— Чекиќ Шефкија, политички работник во ССЈ за Македонија;

— Ванчо Унковски, пратеник во Сојузната скупштина;

— Бори Чаушев, инженер во РСВР на СРМ — Скопје;

2) Претставници на корисниците на јавните патишта:

— Теодосие Пауновски, директор на Автотранспорт и шпедиција во Кочани;

— Перо Гаврилски, генерален директор на „Транскоп" во Скопје;

— Блаже Миновски, директор на Автотранспортното претпријатие „Пелагонија-турист" во Прилеп;

— Томче Шимов, директор на Автротранспортното претпријатие „Млаз" во Богданци.

3) Претставници на Претпријатието за јавни патишта „Македонија-пат" во Скопје:

— Перо Петров, директор на погон во Претпријатието за јавни патишта „Македонија-пат" во Титов Велес, и

— Киро Прошев, директор на погон во Претпријатието „Македонија-пат" во Штип.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 10-3015/1-68
5 февруари 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**д-р Ксенте Богоев,** с. р.

42.

Врз основа на член 29 став 4 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА НАРОДНО ЗДРАВЈЕ И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

I. Се разрешува од должност помошник на републичкиот секретар за народно здравје и социјална политика д-р Ѓорѓи Панов, поради заминување на нова должност.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 15-250/1
5 февруари 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**д-р Ксенте Богоев,** с. р.

43.

Врз основа на член 29 став 4 во врска со чл. 43 став 4 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

I. Се именува за помошник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање ЃОКО МОЈСОВ, досегашен шеф на Кабинетот на претседателот на Извршниот совет.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 15-373/1
5 февруари 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**д-р Ксенте Богоев,** с. р.

44.

Врз основа на член 40 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 17/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ШЕФ НА КАБИНЕТОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Се разрешува од должност шеф на Кабинетот на претседателот на Извршниот совет Ѓоко Мојсов, поради заминување на нова должност.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 15-374/1
5 февруари 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**д-р Ксенте Богоев,** с. р.

**45.**

Врз основа на член 40 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИЦИ ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Се именуваат за советници во Извршниот совет:

1. Петар Чокревски, работник во Државниот секретаријат за надворешни работи на СФРЈ — Белград;

2. Васко Христовски, работник во Бирото за документација на Извршниот совет, и

3. Ванчо Андонов, работник во Државниот секретаријат за надворешни работи на СФРЈ — Белград.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 15-375/1
5 февруари 1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев,** с. р.

---

**46.**

Врз основа на член 3 став 2 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат саден материјал („Службен весник на СРМ“ бр. 32/68), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ОДБИРАЊЕ И ПРИЗНАВАЊЕ НА МАТИЧНИ РАСТЕНИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ОВОШЕН И ЛОЗОВ САДЕН МАТЕРИЈАЛ

### Член 1

Репродукционен материјал за производство на овошен и лозов саден материјал може да се земе од матични растенија што се одбрани и признаени како такви од определени организации (член 3 став 1 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат саден материјал), а по барање на работни организации што се запишани во регистарот на производители на саден материјал.

### Член 2

За одбирање и признавање на матични растенија задолжителен е нивниот преглед во текот на вегетацијата кога се најизразени карактеристичните особини на одредените видови, сорти и подлоги на овошките и виновата лоза.

Прегледите за одбирање и признавање на матични растенија се вршат најмалку 2 пати за време на секоја вегетација во текот на најмалку 2 години.

Секоја петта година по признавањето на матичните растенија се врши контрола врз состојбата на истите.

Прегледите од претходниот став се вршат во присуство на претставник од работната организација што го поднела барањето за преглед.

### Член 3

Барањето за одбирање и признавање на матични растенија задолжително треба да ги содржи податоците: за бројот по видови, сорти и подлоги, како и поблизок опис каде се наоѓаат тие. Барањето се поднесува до први март од годината во која се врши одбирање и признавање.

### Член 4

Со прегледот на растенијата се утврдуваат:

1. автентичноста на видот или сортата, а за подлогите и јаткастото овоштие автентичноста на селекционираните типови;

2. позитивните биолошко-еколошки и производни својства на растенијата; и

3. состојбата на вегетативниот развој на растенијата и развиеноста на нивните органи кои се употребуваат за репродукционен материјал.

### Член 5

За извршениот преглед на матичните растенија се составува записник по образецот бр. 1 кој е составен дел на овој правилник.

Записникот од претходниот став се составува во два примерка и тоа еден примерок за организацијата што го извршила прегледот и еден за организацијата кај која е извршен прегледот.

### Член 6

Организацијата кај која се врши преглед за одбирање и признавање на матичните растенија устројува книга на матични растенија во два примерока со скица на земјиштето со стеблата. Еден примерок од книгата останува кај организацијата што ја устројува книгата и еден кај организацијата што врши одбирање и признавање на матичните растенија.

Книгата на матичните растенија ги содржи следните податоци:

1. Назив и седиште на работната организација по чие барање се врши преглед;

2. Место — потес во кое се наоѓаат растенијата;

3. Вид, сорта односно подлога и нивното потекло;

4. Узгоен облик на растенијата;

5. Година на садењето на растенијата;

6. Место на растенијата во парцелата (број на парцелата — таблата, броеви на редовите во парцелата, броеви на растенијата во редот) и означен правец спрема страните на светот.

Редовите од насадот во парцелата и растенијата во редот, како и поединечните растенија се означуваат со арапски броеви;

7. Податоците од записникот за растенијата кои се одбрани и признаени како матични по видови, сорти и подлоги како и броевите на нивното означување;

8. Број и датум на записникот од извршените прегледи;

9. Датуми на прегледите од книгата за здравствена состојба на објектот за производство на саден материјал;

10. Датум на внесување на податоците во книгата на матичните растенија.

Податоците од точките 7, 8, 9 и 10 во книгата на матичните растенија ги внесува и ги потпишува овластеното лице на работната организација што го извршила одбирањето и признавањето на матичните растенија и овластеното лице на работната организација кај која се врши одбирање на матични растенија.

### Член 7

Одбраните и признаени матични растенија се одбележуваат на виден и потраен начин.

Ако е одбирањето и признавањето на матичните растенија извршено во насад, со одредени сорти — подлоги, сите растенија кои не се одбрани и признаени се одбележуваат на виден и поинаков начин од одбраните растенија, а неодбраните подлоги се отстрануваат.

Одбележувањето и отстранувањето на растенијата од став 1 и 2 од овој член го врши организацијата кај која е извршено одбирање и признавање на матичните растенија при самото одбирање.

Член 8

До колку при контролата која се врши секоја петта година се констатираат промени во негативна смисла кај признаените матични растенија, истите од страна на организацијата што врши одбирање и признавање на матични растенија се бришат како матични растенија и промените се внесуваат во матичната книга.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 10-368/1
11 февруари 1969 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
**инж. Трајко Апостоловски,** с. р.

Образец бр. 1

________________________________________

(Име и седиштето на организацијата која го извршила прегледот за одбирање и признавање на матични растенија)

ЗАПИСНИК Бр. ______

За извршениот преглед за одбирање и признавање на матични растенија, составен на __________________
(ден, месец и година)

Име и седиште на организацијата кај која е извршен прегледот ________________________________

Прегледани матични растенија:

а) во местото __________________________________
(име на местото, атарот и потесот)

б) засаден ______ година.

в) подигнати на парцели-табели означени со број ______

г) узгоен облик ____________

Прегледот го извршил __________________________
(име и презиме на стручњакот)

Со прегледот е утврдено:

Од вкупниот број ______ на прегледаните растенија на парцелите односно таблата број ______ позитивно се оценети во смисла на чл. 4 од Правилникот за постапката за одбирање и признавање на матични растенија за производство на овошен и лозов саден материјал ______________________
(да се наведе бројот на стеблата)

и тоа ____________________________________________
(да се наведе бројот на стеблата по видови)

од кои ____________________________________________
(да се наведе бројот на стеблата по вид, сорта и подлога)

означени во книгата на матични растенија:

со бр. на редот на парцел. ________________ со бр. на раст. во редот ________________

И со броеви на поединечни растенија ____________

Примедби и предлози за производителот:

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

| Потпис на преставникот на раб. организација кај која е извршен прегледот | Потпис на овластеното лице на раб. организација која го извршила прегледот |
| --- | --- |

**47.**

Врз основа на член 12 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат саден материјал („Службен весник на СРМ", бр. 42/68), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## УПАТСТВО

### ЗА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА НАЧИНОТ НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ ВО ОВОШТАРСТВОТО И ЛОЗАРСТВОТО

1. Секој производител на овошен и лозов саден материјал за сопствени потреби или за ставање во промет должен е да води евиденција за начинот на производството по видови, количини и квалитет на употребениот репродукционен материјал.

2. За евиденцијата од точката 1 од ова упатство производителите на овошен и лозов саден материјал ги водат следните книги:

— книга за производство на саден материјал во овоштарството; и

— книга за производство на саден материјал во лозарството.

3. Книгите од претходната точка ги содржат рубриките според приложените обрасци што се составен дел на ова упатство.

4. Книгата за производство на саден материјал во овоштарството и за производство на саден материјал во лозарството се води во вид на поврзана книга, чии страни се нумерирани, прошиени, потпечатени и заверени од старешината на организацијата што ја води книгата.

5. Податоци во книгата се внесуваат за секоја година посебно, читливо и со темно мастило.

Во случај на погрешно запишување поправката се врши така што погрешното се пречкртува, при што пречкртаното треба да остане читливо. Новиот текст се внесува над пречкртаното со црвено мастило.

Секое внесување на податоци и поправка на запишаното се потпишува од лицето што ја води книгата.

6. Кон книгата за производство на саден материјал во овоштарството и за производство на саден материјал во лозарството се формира документација за потеклото и за сортната чистота на репродукциониот материјал.

7. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 10-368/1
11 февруари 1969 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
инж. **Трајко Апостоловски,** с. р.

## КНИГА
### ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ ВО ЛОЗАРСТВОТО

во ______________________________
(назив на организацијата)

Произведено во 19_____ година

| Резници | | | Питомки | | | Лозни калеми и ожилени резници | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на подлогата | Броја | Број на уверението за сортна чистота | Сорта | Број на пупки | Број на уверението за сортна чистота | Сорта | Подлога | Произведено броја | Број на уверение за сортна чистота |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |

## КНИГА
### ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА САДЕН МАТЕРИЈАЛ ВО ОВОШТАРСТВОТО

во ______________________________
(назив на организацијата)

Произведено во 19_____ година

| Семенци | | | | Вегетативни подлоги | | | | Питомки | | | | Овошни садници | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Посано семе од вид | Број на уверението за признавање на семенски посев. | Произведено броја | Број на уверени.ето за сортна чистота | Вид | Селекциониран тип | Ожилени резници броја | Број на уверени-ето за сортна чистота | Вид | Сорта | Број на пупки | Број на уверени-ето за сортна чистота | Вид | Подлога | Сорта | Начин на калемењето |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |

| Овошни садници | | Изданоци | | | | Резницн | | | | | Живици | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Произведени садници за издавање броја | Број на уверението за сортна чистота | Вид | Сорта | Броја | Број на уверението за сортна чистота | Вид | Сорта | Ожилени броја | Неожилени броја | Број на уверението за сортна чистота | Вид | Сорта | Броја | Број на уверението за сортна чистота |
| 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 |

**48.**

Врз основа на член 3 став 1 од Законот за условите под кои работните организации можат да произведуваат саден материјал („Службен весник на СРМ“ бр. 42/68), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОРГАНИЗАЦИИ ШТО ЌЕ ВРШАТ ОДБИРАЊЕ И ПРИЗНАВАЊЕ НА МАТИЧНИ РАСТЕНИЈА

1. Одбирање и признавање на матични растенија, хибриди и клонови во смисла на член 15 од Основниот закон за саден материјал („Службен лист на СФРЈ“ бр. 40/66) можат да вршат следните работни организации:

I. За овоштарство:

Земјоделско-шумарскиот факултет — Катедра за лозарство и овоштарство — Скопје и

Заводот за унапредување на овоштарството — Скопје.

II. За лозарство:

Земјоделско-шумарскиот факултет — Катедра за лозарство и овоштарство — Скопје и

Заводот за унапредување на лозарството и винарството — Скопје.

III. За хмеларство:

Земјоделскиот институт во Скопје.

IV. За шумарство:

Земјоделско-шумарскиот факултет — Скопје и Институтот за шумарство — Скопје.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 10-368/1
11 февруари 1969 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
инж. **Трајко Апостоловски,** с. р.

**49.**

Врз основа на член 35 став 1 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Републичката изборна комисија за спроведување изборите за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОПШТИНСКИ ИЗБОРНИ КОМИСИИ ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За спроведување изборите за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именуваат членови на општински изборни комисии за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и тоа:

1. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО БЕРОВО:

Претседател — Васил Каширски, судија на Општинскиот суд во Берово, а за негов заменик Александар Соколовски, судија на Општинскиот суд во Берово;

Секретар — Васил Брашнарски, секретар на Собранието на општината Берово, а за негов заменик — Ѓорѓи Станоевски, шеф на Месната канцеларија — Пехчево; и

Член — Маноил Дракалски, началник на одделение на Собранието на општината Берово, а за негов заменик — Стојан Ѓердовски, референт во Собранието на општината Берово.

2. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА:

Претседател — Ристо Георгиевски, судија на Окружниот суд во Битола, а за негов заменик Душко Јанкуловски, судија на Општинскиот суд во Битола;

Секретар — Тома Кацујани, пензионер од Битола, а за негов заменик — Јанку Ѓоргиевски, работник во Собранието на општината Битола; и

Член — Никола Јошевски, правник во „Битолатекст", а за негов заменик — Илија Петровски, заменик на окружниот јавен обвинител.

3. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО БРОД:

Претседател — Слободан Јандрески, референт во Собранието на општината Брод, а за негов заменик — Венче Златески, референт во Собранието на општината Брод;

Секретар — Чедомир Стојановски, судија за прекршоци, а за негов заменик Стојко Стојковски, шеф на отсек во Собранието на општината Брод; и

Член — Зоран Маркоски, секретар на Собранието на општината Брод, а за негов заменик Божана Милошевска, работник во Собранието на општината Брод.

4. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО ВАЛАНДОВО:

Претседател — Благој Митков, секретар на Собранието на општината Валандово, а за негов заменик Момо Буриќ, општествено-политички работник во Валандово;

Секретар — Димитар Кренков, шеф на отсек во Собранието на општината Валандово, а за негов заменик Панде Тодоров, секретар на Земјоделското стопанство „Анска Река" — Валандово; и

Член — Александар Иванов, референт во Собранието на општината Валандово, а за негов заменик Ефтимија Исмерова, референт во Собранието на општината Валандово.

5. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО ВИНИЦА:

Претседател — Димитар Ивановски, правник во Собранието на општината Виница, а за негов заменик Благој Бојаџиски, правник — директор на ТП „Илинден" во Виница;

Секретар — Симо Николов, правник во Собранието на општината Виница, а за негов заменик Димитар Чаршавски, директор на Тутуновото претпријатие „Горица" во Виница; и

Член — Боро Иванов, судија за прекршоци, а за негов заменик Драган Миланов, секретар на ТП „Илинден" во Виница.

6. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО ГЕВГЕЛИЈА:

Претседател — Ристо Танев, претседател на Општинскиот суд во Гевгелија, а за негов заменик Ружа Караниколова, судија на Општинскиот суд во Гевгелија;

Секретар — Петар Елимов, началник на одделение во Собранието на општината Гевгелија, а за негов заменик Јосиф Кованџалиев, работник во Собранието на општината Гевгелија; и

Член — Иван Николов, судија на Општинскиот суд во Гевгелија, а за негов заменик Коста Костаќев, началник на одделение во Собранието на општината Гевгелија.

7. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО ГОСТИВАР:

Претседател — Атанас Јанковски, судија на Општинскиот суд во Гостивар, а за негов заменик Ефтим Групче, судија на Општинскиот суд во Гостивар;

Секретар — Вангел Дуровски, секретар на Општинското собрание Гостивар, а за негов заменик Живко Алексовски, пензионер од Гостивар; и

Член — Акиф Рамадани, началник на одделение на Општинското собрание Гостивар, а за негов заменик Бошко Стефановски, работник во Општинското собрание Гостивар.

8. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО ДЕБАР:

Претседател — Воислав Живковиќ, судија на Општинскиот суд во Дебар, а за негов заменик Бесник Граждани, судија на Општинскиот суд во Дебар;

Секретар — Лазо Топаловски, работник во Општинското собрание, а за негов заменик Баудин Вилица, општествено-политички работник; и

Член — Осман Машкули, судија за прекршоци, а за негов заменик Томе Бужаровски, правен референт во Општинското собрание Дебар.

9. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО ДЕЛЧЕВО:

Претседател — Стојан Распашковски, јавен правобранител, а за негов заменик Ацо Николов, управник на Заводот за социјално осигурување — филијала Делчево;

Секретар — Никола Димитровски, секретар на Општинското собрание Делчево, а за негов заменик Ѓорѓи Бојчев, правник во Собранието на општината Делчево; и

Член — Панче Симионов, директор на Угостителското претпријатие „Белград" Делчево, а за негов заменик Иван Марковски, правник во Општинското собрание Делчево.

10. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО ДЕМИР ХИСАР:

Претседател — Милан Наумовски, секретар на Собранието, а за негов заменик Златан Најдоски, референт во Собранието на општината Демир Хисар;

Секретар Димче Јанкуловски, правник во Претпријатието за тутун — Демир Хисар, а за негов заменик Ѓанчо Мицкоски, судија за прекршоци; и

Член — Свилко Крстески, шеф на Катастарскиот уред, а за негов заменик — Иван Велјановски, референт во Собранието на општината Демир Хисар.

11. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО КАВАДАРЦИ:

Претседател — Драги Каровски, претседател на Општинскиот суд во Кавадарци, а за негов заменик Димитар Манчев, судија на Општинскиот суд во Кавадарци;

Секретар — Диме Јанев, началник на одделение на Собранието на општината, а за негов заменик Вера Заркова, приправник во Собранието на општината Кавадарци; и

Член — Тихомир Мирчев, шеф на отсек на Собранието на општината, а за негов заменик — Петар Ристовски, шеф на биро на Собранието на општината Кавадарци.

12. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО КИЧЕВО:

Претседател — Веле Калчиноски, судија на Општинскиот суд Кичево, а за негов заменик Милчо Антоски, судија на Општинскиот суд Кичево;

Секретар — Стојмир Маркоски, началник на одделение, а за негов заменик Кадри Кадриу, референт во Собранието на општината Кичево; и

Член — Иван Јолески, референт, а за негов заменик Целе Данилоски, референт во Собранието на општината Кичево.

13. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО КОЧАНИ:

Претседател — Јане Велински, судија на Општинскиот суд Кочани, а за негов заменик Драги Ѓорѓиев, работник во Општинскиот суд Кочани;

Секретар — Душко Јорданов, секретар на Собранието, а за негов заменик Лазо Андоновски, дипломиран правник во Собранието на општината Кочани; и

Член — Иван Михов, началник на одделение, а за негов заменик Љубица Иванова, референт во Собранието на општината Кочани.

14. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО КРАТОВО:

Претседател — Милош Симонов, судија на Општинскиот суд Кратово, а за негов заменик Јован Јовановски, судија на Општинскиот суд Кратово;

Секретар — Борис Паноски, секретар на Собранието на општината Кратово, а за негов заменик Олга Ефремова, работник во Собранието на општината Кратово; и

Член — Димитар Иванов, работник, а за негов заменик Бранко Славков, работник во Собранието на општината Кратово.

15. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО КРИВА ПАЛАНКА:

Претседател — Славчо Николовски, дипломиран правник — секретар на Собранието на општината Крива Паланка, а за негов заменик Ѓоре Алексовски, судија на Општинскиот суд во Крива Паланка;

Секретар — Јордан Стевановски, дипломиран правник — началник на одделение во Собранието, а за заменик — Денко Мишевски, дипломиран правник во Собранието на општината Крива Паланка; и

Член — Божин Јовановски, правник, а за негов заменик Мијалче Илиевски, правник во Собранието на општината Крива Паланка.

16. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО КРУШЕВО:

Претседател — Коча Хаџи-Лега, судија на Општинскиот суд, а за негов заменик Ѓорѓи Проја, дипломиран правник — началник на одделение во Собранието на општината Крушево;

Секретар — Никола Илиевски, секретар на Собранието на општината Крушево, а за негов заменик Јован Колески, приправник во Општинскиот суд Крушево; и

Член — Наум Хаџи-Лега, началник на одделение во Собранието на општината Крушево, а за негов заменик Никола Николовски, секретар на претпријатие — Крушево.

17. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО КУМАНОВО:

Претседател — Светозар Максимовски, судија на Општинскиот суд Куманово, а за негов заменик Ратко Манасиевски, судија на Општинскиот суд Куманово;

Секретар — Боро Соларски, шеф на биро, а за заменик Дибривое Ристиќ, референт во Собранието на општината Куманово; и

Член — Трајан Петровски, секретар на Собранието на општината Куманово, а за негов заменик Александар Ралиќ, началник на одделение во Собранието на општината Куманово.

18. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО НЕГОТИНО:

Претседател — Тихомир Смилев, судија за прекршоци при Општинското собрание Неготино, а за негов заменик Киро Чаушев, секретар на Општинското собрание Неготино;

Секретар —Мишко Мишев, шеф на биро, а за негов заменик Владо Тасев, началник на одделение во Собранието на општината Неготино; и

Член — Павлина Божинова, работничка, а за заменик Јован Прекодолов, работник во Собранието на општината Неготино.

19. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО ОХРИД:

Претседател — Никола Зафировски, судија на Општинскиот суд, а за негов заменик Михајло Симоноски, судија на Општинскиот суд Охрид;

Секретар — Ѓуладин Ѓуладиновски, дипломиран правник — началник на одделение, а за негов заменик Никола Ристевски, шеф на отсек во Собранието на општината Охрид; и

Член — Никола Рилковски, дипломиран правник, началник на одделение, а за негов заменик Благој Кичеец, правник во Собранието на општината Охрид.

20. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО ПРИЛЕП:

Претседател — Владимир Тренковски, судија на Општинскиот суд, а за негов заменик Ристо Ристевски, секретар на Собранието на општината Прилеп;

Секретар — Трајко Биноски, виш референт во Собранието на општината Прилеп, а за негов заменик Гога Петревски, референт во Собранието на општината Прилеп; и

Член — Живко Магдески, началник на одделение, а за негов заменик — Илија Адамоски, судија за прекршоци на Собранието на општината Прилеп.

21. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО ПРОБИШТИП:

Претседател — Радослав Михаилов, секретар на Општинското собрание Пробиштип, а за негов заменик Ангеле Гаврилов, правник во рудниците „Злетово";

Секретар — Стојан Максимов, началник на одделение во Собранието на општината Пробиштип, а за негов заменик Славе Спасовски, секретар на рудниците „Злетово“ Пробиштип; и

Член — Стојчо Стојковски, шеф на отсек во Собранието на општината Пробиштип, а за негов заменик Илија Сапунџиоски, референт во Собранието на општината Пробиштип.

22. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО РАДОВИШ:

Претседател — Коста Кукутанов, судија на Окружниот суд — Штип, а за негов заменик Александар Јовичиќ, судија на Општинскиот суд — Радовиш;

Секретар — Методи Форев, секретар на Општинското собрание, а за негов заменик — Добрин Казанџиев, приправник во Општинскиот суд; и

Член — Ристо Донев, судија за прекршоци, а за негов заменик — Никола Димитров, работник во Општинската конференција на ССРНМ — Радовиш.

23. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО РЕСЕН:

Претседател — Вангел Гагачев, претседател на Општинскиот суд Ресен, а за негов заменик Томе Џуровски, судија на Општинскиот суд Ресен;

Секретар — Климе Димитровски, секретар на Собранието на општината, а за негов заменик Сандре Божиновски, началник на одделение во Собранието на општината; и

Член — Крсте Секиловски, шеф на служба, а за негов заменик Боре Поповски, судија за прекршоци во Собранието на општината Ресен.

24. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО СВЕТИ НИКОЛЕ:

Претседател — Душко Давчев, судија на Општинскиот суд Св. Николе, а за негов заменик Бранко Стаменков, правен референт во Општинското собрание Св. Николе;

Секретар — Анѓел Манев, секретар на Општинското собрание, а за негов заменик Стојмен Стојковски, секретар на ЗИК „Овче Поле“ Св. Николе; и

Член — Јордан Јованов, шеф на отсек, а за негов заменик Анѓел Стилев, пазарен инспектор на Општинското собрание Св. Николе.

25. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО СКОПЈЕ:

Претседател — Атанас Спасов, судија на Окружниот суд во Скопје, а за негов заменик Душко Костиќ, судија на Окружниот суд во Скопје;

Секретар — Петко Младеновски, работник во Собранието на град Скопје, а за негов заменик Крсто Здравковски;

Член — Асен Николовски, заменик јавен правобранител, а за негов заменик Иван Чукиќ, заменик јавен правобранител.

26. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО СТРУГА:

Претседател — Јордан Кочо, судија на Општинскиот суд, а за негов заменик Веско Малезан, судија на Општинскиот суд во Струга;

Секретар — Рисо Башуровски, секретар на Собранието на општината, а за негов заменик Петар Гоцо, дипломиран правник во ХЦ „Глобочица“; и

Член — Круме Миладин, дипломиран правник во ХЦ „Глобочица“, а за негов заменик Ѓорше Трајковски, референт во Собранието на општината Струга.

27. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО СТРУМИЦА:

Претседател — Димитар Малчанов, судија на Општинскиот суд Струмица, а за негов заменик Стојна Макасчиева, приправник судија во Општинскиот суд Струмица;

Секретар — Алекса Стоилов, правник во Собранието на општината, а за негов заменик Васил Пецановски, правник во Собранието на општината; и

Член — Трајче Стипцаров, диплом. правник-директор на Центарот за социјална работа, а за негов заменик Димо Каламутов, дипломиран економист.

28. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО ТЕТОВО:

Претседател — Стојан Георгиевски, судија на Општинскиот суд, а за негов заменик Милан Михајлов, судија на Општинскиот суд во Тетово;

Секретар — Павел Манојлов, општински правобранител, а за негов заменик Нехат Рамадани, судија за прекршоци;

Член — Мелко Антевски, директор на ЗОК Тетово, а за негов заменик Месуд Исаку, директор на ДОЗ — Тетово.

29. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО ТИТОВ ВЕЛЕС:

Претседател — Ордан Танев, судија на Општинскиот суд, а за негов заменик Живко Вранишковски, диплом. правник во Општинскиот суд Титов Велес;

Секретар — Иван Јованов, диплом, правник, началник на одделение, а за негов заменик Душан Каров, диплом. правник, секретар на ЗИК „Лозар“ Титов Велес; и

Член — Јосиф Пешов, диплом. правник, началник на одделение, а за негов заменик Благој Ѓорѓиев, диплом. правник, секретар на Комуналната заедница за социјално осигурување.

30. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СО СЕДИШТЕ ВО ШТИП:

Претседател — Димитар Василев, судија на Општинскиот суд, а за негов заменик Ристе Цидров, судија на Општинскиот суд Штип;

Секретар — Трајко Донев, началник на одделение, а за негов заменик Ангел Кулаков, референт во Собранието на општината Штип; и

Член — Симеон Бочваров, правен референт во Собранието на општината Штип, а за негов заменик Крсто Мицев, судија за прекршоци.

Ова решение е донесено на седницата на Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, одржана на 2 февруари 1969 година.

Решението влегува во сила со неговото донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 43
13 февруари 1969 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар,
**Никола Алексовски**, с. р.

Претседател,
**Киро Никовски**, с. р.

# Прописи на општинските собранија

9.

Врз основа на чл. 9 став 1 од Законот за избор на одборници на општинските собранија („Службен весник на СРМ“ бр. 4/69 год.), донесувам

## РЕШЕНИЕ ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ИЗБОРИ ЗА ОДБОРНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНАТА БЕРОВО

1. Се распишуваат избори за одборници на Собранието на општината — Берово.

2. Изборите за одборници на Општинскиот собор ќе се одржат на 13 април 1969 година.

3. Изборите за одборници на Соборот на работните заедници ќе се одржат на 16 април 1969 година.

